СЛУЖБЕН ВЕСНИК
НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

„Службен весник на СРМ“ излегува по потреба. Рок за рекламации 15 дена. Огласи според тарифата.

Среда, 15 јули 1987
Скопје
Број 29 Год. XLIII

Претплатата за 1987 година изнесува 12.000 динари. Овој број чини 300 дин. Жиро сметка 40100-603-12498

548.

Врз основа на член 376, став 1, алинеја 8 од Уставот на СРМ, а во врска со член 12 и 9 од Законот за помилување, Претседателството на СРМ, на седницата одржана на 10 јули 1987 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА ПОМИЛУВАЊЕ НА ОСУДЕНИ ЛИЦА

I

Од натамошно извршување на изречената казна затвор се ослободуваат осудените лица:

1. Стојаноски Ванчо Крсте, од Крушево,
2. Кралевски Круме Борис, од Скопје.

II

Од натамошно извршување на изречената мерка за безбедност се ослободува осуденото лице:

1. Атанасовски Лазо Јован, од Битола.

III

Извршувањето на изречената казна затвор им се услови за 1 година на осудените лица:

1. Георгиевски Сретен Драги од Скопје, во траење од 2 месеци,
2. Клечкарски Илија Мирче од Струга, во траење од 3 месеци,
3. Велимов Ристо Кице од Скопје, во траење од 3 месеци,
4. Чолев Киро Живко од с. Моноспитово, во траење од 5 месеци.

IV

Извршувањето на изречената казна затвор им се услови за 2 години на осудените лица:

1. Бајраков Акиф Себајдин од Радовиш, во траење од 3 месеци,
2. Давчевски Славе Драган од Куманово, во траење од 4 месеци.

V

Извршувањето на изречената казна затвор му се услови за 3 години на осуденото лице:

1. Рустеми Арун Риза од с. Синичане, во траење од 8 месеци

VI

Делумно се ослободи од натамошно извршување на изречената казна затвор осуденото лице:

1. Николов Ѓорко Цветко од Кавадарци, во траење од 6 месеци.

VII

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ“.

Бр. 08-587
10 јули 1987 година
Скопје

Претседател
на Претседателството на СРМ,
Драгољуб Ставрев, с. р.

549.

Врз основа на член 445 на Уставот на Социјалистичка Република Македонија, Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на заедничка седница на сите собори, одржана на 19 март 1987 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ПРЕДЛОГОТ ЗА ПРИСТАПУВАЊЕ КОН ИЗМЕНА НА УСТАВОТ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

1. Се дава согласност на Предлогот за пристапување кон измена на Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, што го поднесе Претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-921/1
19 март 1987 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
д-р **Вулнет Старова**, с. р.

550.

Врз основа на член 35 од Законот за јавното обвинителство („Службен весник на СРМ“ број 10/76, 30/77, 6/81 и 46/82), Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на заедничка седница на сите собори, одржана на 29 јуни 1987 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА ИМЕНУВАЊЕ ОКРУЖЕН ЈАВЕН ОБВИНИТЕЛ НА ОКРУЖНОТО ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО ВО БИТОЛА

М-р Драган Трпковски, заменик окружен јавен обвинител — Битола, се именува за окружен јавен обвинител во Битола.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-2222/1
29 јуни 1987 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
д-р **Вулнет Старова**, с. р.

551.

Врз основа на точка 1 став 2 од Амандманот V точка 1 став 1 од Амандманот VI и член 338 став 1 алинеја 7 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија и член 1 од Законот за определување на републички секретари и други функционери што раководат со републички органи на управата и со републичките организации кои се именуваат од редот на членовите на Извршниот совет на Собранието на Социјалистичка Република Македонија („Службен весник на СРМ" број 13/82), Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на заедничка седница на сите собори, одржана на 29 јуни 1987 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА ИЗБОР НА ЧЛЕН НА ИЗВРШНИОТ СОВЕТ НА СОБРАНИЕТО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И ЗА ИМЕНУВАЊЕ ДИРЕКТОР НА РЕПУБЛИЧКИОТ ЗАВОД ЗА ОПШТЕСТВЕНО ПЛАНИРАЊЕ

Д-р Методија Несторовски, потпретседател на Соборот на здружениот труд на Собранието на Социјалистичка Република Македонија и доцент на Економскиот факултет — Скопје, се избира за член на Извршниот совет на Собранието на СР Македонија и се именува за директор на Републичкиот завод за општествено планирање.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-2221/1
29 јуни 1987 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
д-р **Вулнет Старова**, с. р.

552.

Врз основа на точка 1 став 2 од Амандманот V точка 1 став 1 од Амандманот VI и член 338 став 1 алинеи 5 и 7 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, Собранието на Социјалистичка Република Македонија на заедничката седница на сите собори, одржана на 29 јуни 1987 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ЧЛЕН НА ИЗВРШНИОТ СОВЕТ НА СОБРАНИЕТО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И ДИРЕКТОР НА РЕПУБЛИЧКИОТ ЗАВОД ЗА ОПШТЕСТВЕНО ПЛАНИРАЊЕ

1. М-р Најденко Поповски, член на Извршниот совет на Собранието на Социјалистичка Република Македонија и директор на Републичкиот завод за општествено планирање, се разрешува од должноста по лично барање.

2. Разрешувањето се врши заклучно со 30 јуни 1987 година.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 21-2220/1
29 јуни 1987 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
д-р **Вулнет Старова**, с. р.

553.

Врз основа на член 35 од Законот за јавното обвинителство („Службен весник на СРМ" број 10/76, 30/77, 6/81, 46/82 и 11/87), Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на заедничка седница на сите собори, одржана на 29 јуни 1987 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТА ЗАМЕНИК НА ОКРУЖНИОТ ЈАВЕН ОБВИНИТЕЛ — БИТОЛА

1. Петар Ивановски, заменик на окружниот јавен обвинител — Битола, се разрешува од должноста поради стекнување право на пензија.

2. Разрешувањето се врши заклучно со 30 јуни 1987 година, кога му престанува работниот однос.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-2228/1
29 јуни 1987 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
д-р **Вулнет Старова**, с. р.

554.

Врз основа на член 35 од Законот за јавното обвинителство („Службен весник на СРМ" број 10/76, 30/77, 6/81, 46/82 и 11/87), Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на заедничка седница на сите собори, одржана на 29 јуни 1987 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТА ОКРУЖЕН ЈАВЕН ОБВИНИТЕЛ — БИТОЛА

1. Илија Петровски, окружен јавен обвинител — Битола се разрешува од должноста заради стекнување право на пензија.

2. Разрешувањето се врши заклучно со 31 јули 1987 година, кога му престанува работниот однос.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-2227/1
29 јуни 1987 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
д-р **Вулнет Старова**, с. р.

555.

Врз основа на член 35 од Законот за јавното обвинителство („Службен весник на СРМ" број 10/76, 30/77, 6/81 и 46/82), Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на заедничка седница на сите собори, одржана на 29 јуни 1987 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЗАМЕНИЦИ НА ОКРУЖНИОТ ЈАВЕН ОБВИНИТЕЛ — БИТОЛА

Здравка Чупуровска, заменик општински јавен обвинител — Битола и Љубисав Милуновиќ, заменик општински јавен обвинител — Битола, се именуваат за заменици на окружниот јавен обвинител — Битола.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-2223/1
29 јуни 1987 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
д-р **Вулнет Старова**, с. р.

556.

Врз основа на член 73 став 2 и член 89 став 1 точка 9 од Законот за редовните судови („Службен весник на СРМ" број 10/76, 30/77, 36/77, 9/78, 27/78, 46/82 и 11/87), Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на заедничка седница на сите собори, одржана на 29 јуни 1987 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ НА СУДИЈА НА ОКРУЖНИОТ СУД ВО БИТОЛА

1. Сотир Манели, судија на Окружниот суд — Битола се разрешува од должноста заради стекнување право на пензија.

2. Разрешувањето се врши заклучно со 31 јули 1987 година, кога му престанува работниот однос.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-2229/1
29 јуни 1987 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
д-р **Вулнет Старова**, с. р.

557.

Врз основа на член 36 од Законот за општествениот правобранител на самоуправувањето („Службен весник на СРМ" број 47/75 6/81, 37/83 и 11/87), Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на заедничка седница на сите собори, одржана на 29 јуни 1987 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ЗАМЕНИК НА РЕПУБЛИЧКИОТ ОПШТЕСТВЕН ПРАВОБРАНИТЕЛ НА САМОУПРАВУВАЊЕТО

Петар Андоновски, заменик на републичкиот општествен правобранител на самоуправувањето, се разрешува од должноста заради избор на друга функција.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-2226/1
29 јуни 1987 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
д-р **Вулнет Старова**, с. р.

558

Врз основа на член 90 став 2 од Законот за редовните судови („Службен весник на СРМ" број 17/79), Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на заедничка седница на сите собори, одржана на 29 јуни 1987 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ НА СУДИЈА НА ВРХОВНИОТ СУД НА МАКЕДОНИЈА

1. Д-р Симеон Гелевски, судија на Врховниот суд на Македонија, се разрешува од должноста од 1 септември 1987 година, по лично барање.

2. Судската функција ќе ја врши заклучно со 31 август 1987 година.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-2225/1
29 јуни 1987 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
д-р **Вулнет Старова**, с. р.

559.

Врз основа на член 162 од Законот за државната управа („Службен весник на СРМ" број 45/80), Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на заедничка седница на сите собори, одржана на 29 јуни 1987 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕН НА РЕПУБЛИЧКИОТ КОМИТЕТ ЗА КУЛТУРА

1. Јован Ристов, член на Републичкиот комитет за култура, се разрешува од функцијата член на Републичкиот комитет за култура, поради неговото именување за помошник на претседателот на Републичкиот комитет за култура.

2. Томислав Османли, новинар во Новинско-издавачката работна организација „Комунист" — Редакција за Македонија се именува за член на Републичкиот комитет за култура.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-2224/1
29 јуни 1987 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
д-р **Вулнет Старова**, с. р.

560.

Врз основа на член 42 од Законот за судовите на здружениот труд („Службен весник на СРМ" број 41/75, 6/81, 46/82 и 11/87), Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на заедничка седница на сите собори, одржана на 29 јуни 1987 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ НА ПОСТОЈАН СУДИЈА НА ОСНОВНИОТ СУД НА ЗДРУЖЕНИОТ ТРУД — ШТИП

Никола Радовиќ, постојан судија на Основниот суд на здружениот труд — Штип, се разрешува од должноста заради избор на друга функција.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-2231/1
29 јуни 1987 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
д-р **Вулнет Старова**, с. р

561.

Врз основа на член 42 од Законот за судовите на здружениот труд („Службен весник на СРМ" број 41/75, 6/81, 46/82 и 11/87), Собранието на Социјалистичка Република Македонија на заедничка седница на сите собори, одржана на 29 јуни 1987 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ НА ПОСТОЈАН СУДИЈА НА ОСНОВНИОТ СУД НА ЗДРУЖЕНИОТ ТРУД — БИТОЛА

Михајло Нојков, постојан судија на Основниот суд на здружениот труд — Битола, се разрешува од должноста заради избор на друга функција

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-2230/1
29 јуни 1987 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
д-р **Вулнет Старова**, с. р.

562.

Врз основа на член 248 став 3 од Законот за насоченото образование („Службен весник на СРМ" број 16/85), Соборот на здружениот труд на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на седницата одржана на 29 јуни 1987 година, донесе

ОДЛУКА

ЗА ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСТАВНИЦИ НА ОПШТЕСТВЕНАТА ЗАЕДНИЦА ВО СОВЕТОТ НА ООЗТ КЛИНИКА ЗА ЕНДОКРИНОЛОГИЈА И БОЛЕСТИ НА МЕТАБОЛИЗМОТ ПРИ РО МЕДИЦИНСКИ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

За претставници на општествената заедница во Советот на ООЗТ Клиника за ендокринологија и болести на метаболизмот при РО Медицински факултет во Скопје се именуваат:

Видое Стефановски, републички советник во Собранието на СР Македонија,

Марица Анчевска-Чаловска, делегат во Соборот на општините на Собранието на СРМ, вработена во Волнарскиот комбинат „Тодор Циповски-Мерџан" — Тетово и

м-р Љубица Чонева, делегат во Соборот на здружениот труд на Собранието на СРМ, вработена во Републичкиот завод за унапредување на социјалните дејности.

Бр. 21-2210/1
29 јуни 1987 година
Скопје

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
Иван Аврамовски, с. р.

563.

Врз основа на член 248 став 3 од Законот за насоченото образование („Службен весник на СРМ" број 16/85), Соборот на здружениот труд на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на седницата одржана на 29 јуни 1987 година, донесе

ОДЛУКА

ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСТАВНИК НА ОПШТЕСТВЕНАТА ЗАЕДНИЦА ВО СОВЕТОТ НА ООЗТ ИНСТИТУТ ЗА ОВОШТАРСТВО — СКОПЈЕ

1, Се разрешува претставникот на општествената заедница во Советот на ООЗТ Институт за овоштарство — Скопје

м-р Иван Кузмановски, поради истек на времето за кое е именуван.

2. За претставник на општествената заедница во Советот на ООЗТ Институт за овоштарство — Скопје се именува

Живко Стефановски, делегат во Општествено-политичкиот собор на Собранието на СРМ.

Бр. 21-2211/1
29 јуни 1987 година
Скопје

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
Иван Аврамовски, с. р.

564.

Врз основа на член 3 од Законот за средствата за пошумување на голините („Службен весник на СРМ" број 48/74), Соборот на здружениот труд на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на седницата одржана на 29 јуни 1987 година, донесе

ОДЛУКА

ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА СОВЕТОТ ЗА ПОШУМУВАЊЕ НА ГОЛИНИТЕ

1. Се разрешуваат членовите на Советот за пошумување на голините, поради истек на времето за кое се именувани:

Вехби Азири,
д-р Александар Андоновски,
Ѓенко Андоновски,
Мите Анастасовски,
Ѓорѓи Банџо,
Трајан Гошевски,
инж. Милан Глигоров,
Соња Дракалска,
инж. Здравко Димовски,
Александар Данаилов,
инж. Крсте Жилевски,
Никифор Ивчев,
Јане Ивановски,
Богдан Јанкуловски,
Благоја Кедев,
Коста Костекароь,
Крсто Крстевски,
Кирило Коштанов,
Ацо Петровски,
Душко Наков,
Данче Павлеска,
м-р Васил Папазов,
инж. Михаил Попдучев,
д-р Панде Поповски,
инж. Јован Петров,
Мориц Романо,
Иљаз Сабриу,
Само Хорват,
инж. Благоја Сотировски,
инж. Бошко Шолевски,
Кирил Христов,
инж. Димче Чавкаровски,
Димитар Чаршавски и
д-р Драган Шојлевски.

2. За членови на Советот за пошумување на голините се именуваат

инж. Јордан Алексовски, инспектор и референт по шумарство, водостопанство и ловство при Собранието на општина Крива Паланка,

д-р Александар Андоновски, професор на Шумарскиот факултет во Скопје,

Димитар Бакев, делегат во Соборот на здружениот труд на Собранието на СРМ вработен во АК „Тиквеш" ООЗТ Кооперација — Кавадарци,

инж. Ѓорѓи Банџо, досегашен научен советник во ООЗТ Институт за поледелство и градинарство при Земјоделскиот факултет — Скопје,

Марко Божинов, вработен во РО „Треска" ООЗТ ШС „Беласица" — Струмица,

д-р Живко Паришко, в. д. директор на ОЗТ Национални паркови и ловишта — Скопје,

инж. Милан Глигоров, досегашен директор на ОЗТ Национални паркови и ловишта — Скопје,

м-р Методија Герасимов, досегашен советник на претседателот на Републичкиот комитет за земјоделство, шумарство и водостопанство,

инж. Здравко Димовски, директор на Шумско стопанство — Куманово,

инж. Крсте Жилевски, директор на ОЗТ Шумско стопанство „Галичица" — Охрид,

инж. Крсте Илиев, раководител на експлоатација во РО за стопанисување со шуми „Демир Капија" — Демир Капија,

Стефан Лазаревски, досегашен потсекретар во Републичкиот комитет за земјоделство, шумарство и водостопанство,

инж. Методија Крстевски, вработен во Шумско стопанство „Голак" — Делчево,

Мирослав Кушевски, од Кочани,

инж. Љубомир Марковски, инспектор по шумарство во Републичкиот комитет за земјоделство, шумарство и водостопанство,

Борислав Мимов, потпретседател на Собранието на општина Титов Велес,

Доне Михајловски, делегат во Соборот на здружениот труд на Собранието на СРМ, вработен во ЗИК „Овче Поле" ООЗТ Ерцелија — Свети Николе,

Душко Наков, потпретседател на Координационото тело за пошумување на голините на општина Кратово,

Марко Болиновски, полковник во Скопската армиска област,

Мери Панова, делегат на РК на ССММ, вработена во Медицинскиот центар — Детско одморалиште — Штип,

д-р Васил Папазов, професор на Шумарскиот факултет — Скопје,

Магдалена Петровска, член на РО на Синдикатот на работниците од шумарството и дрвната индустрија, вработена во Шумско стопанство „Карадица" — Скопје,

Јован Петров, инспектор во Секретаријатот за земјоделство и шумарство при Собранието на општина — Битола,

инж. Јован Платански, вработен во Шумско стопанство „Кожув" — Гевгелија,

Панде Поповски, делегат во Соборот на општините на Собранието на СРМ, директор на ООЗТ „Овошен насад" при РО „Агроплод" — Ресен,

инж. Михаил Попдучев, вработен во СОЗТ „Треска" — Скопје,

д-р Мите Стаменовски, професор на Земјоделскиот факултет во Скопје,

потп. Петре Темелков, началник на техничка служба во Републичкиот штаб за територијална одбрана,

Миле Трајаноски, директор на Шумско стопанство „Сандански" — Македонски Брод,

Диско Цветановски, началник на Одделението за противпожарна заштита при Републичкиот секретаријат за внатрешни работи,

инж Димче Чавкароски, вработен во Институтот за тутун — Прилеп,

Миланчо Успрцов, потпретседател на Извршниот совет на Собранието на општина Штип (претседател на Координационото тело за пошумување на голините),

д-р инж Борис Трпков, редовен професор на Шумарскиот факултет во Скопје и

дипл инж Драгољуб Тевдовски, секретар на СИЗ за патишта — Тетово.

Бр 21-2209/1
29 јуни 1987 година
Скопје

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
Иван Аврамовски, с р.

565.

Врз основа на член 14 од Статутот на научно-културните средби „Десет дена Крушевска Република", Соборот на здружениот труд на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на седницата одржана на 29 јуни 1987 година, донесе

ОДЛУКА

ЗА ДЕЛЕГИРАЊЕ ЧЛЕН НА СОВЕТОТ НА НАУЧНО-КУЛТУРНИТЕ СРЕДБИ „ДЕСЕТ ДЕНА КРУШЕВСКА РЕПУБЛИКА"

За член на Советот на научно-културните средби „Десет дена Крушевска Република" се делегира

Гога Николовски, претседател на Републичката конференција на ССРНМ

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 21-2219/1
29 јуни 1987 година
Скопје

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
Иван Аврамовски, с. р.

566.

Врз основа на член 43 од Општествениот договор за заедничките основи и мерила за самоуправно уредување на односите во стекнувањето и распоредувањето на доходот и чистиот доход и распределбата на средствата за лични доходи во СР Македонија („Службен весник на СРМ" број 28/85 и 18/87), Соборот на здружениот труд на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на седницата одржана на 29 јуни 1987 година, донесе

ОДЛУКА

ЗА ДЕЛЕГИРАЊЕ ПРЕТСТАВНИЦИ ВО КООРДИНАЦИОНИОТ ОДБОР ЗА СЛЕДЕЊЕ НА СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ОПШТЕСТВЕНИОТ ДОГОВОР ЗА ЗАЕДНИЧКИТЕ ОСНОВИ И МЕРИЛА ЗА САМОУПРАВНО УРЕДУВАЊЕ НА ОДНОСИТЕ ВО СТЕКНУВАЊЕТО И РАСПОРЕДУВАЊЕТО НА ДОХОДОТ И ЧИСТИОТ ДОХОД И РАСПРЕДЕЛБАТА НА СРЕДСТВАТА ЗА ЛИЧНИ ДОХОДИ ВО СР МАКЕДОНИЈА

За претставници во Координациониот одбор за следење на спроведувањето на Општествениот договор за заедничките основи и мерила за самоуправно уредување на односите во стекнувањето и распоредувањето на доходот и чистиот доход и распределбата на средствата за лични доходи во СР Македонија се делегираат:

Тито Беличанец, член на Извршниот совет на Собранието на СРМ и

Васил Димески, делегат во Соборот на здружениот труд на Собранието на СРМ, раководител на План и анализа во РО „Политекс" — Прилеп.

Бр 21-2215/1
29 јуни 1987 година
Скопје

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
Иван Аврамовски, с. р.

567.

Врз основа на член 400 од Деловникот на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, Соборот на здружениот труд на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на седницата одржана на 29 јуни 1987 година, донесе

ОДЛУКА

ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ ПОТПИСНИК НА ДОГОВОРОТ ЗА УСОГЛАСУВАЊЕ НА УСЛОВИТЕ И НАЧИНОТ НА ВРШЕЊЕ СТОПАНСКИ ДЕЈНОСТИ СО САМОСТОЕН ЛИЧЕН ТРУД СО СРЕДСТВАТА ВО СОПСТВЕНОСТ НА ГРАЃАНИ, ДОГОВОРНИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ НА ЗДРУЖЕНИОТ ТРУД И ЗДРУЖУВАЊАТА ВО ЗАДРУГИ ПОРАДИ НИВНО ЕДИНСТВЕНО РЕГУЛИРАЊЕ

За потписник на Договорот за усогласување на условите и начинот на вршење стопански дејности со самостоен личен труд со средствата во сопственост на граѓани, договорните организации на здружениот труд и здружувањата во задруги поради нивно единствено регулирање се определува

д-р Томислав Бундалевски, член на Извршниот совет и претседател на Републичкиот комитет за енергетика, индустрија и мало стопанство.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 21-2218/1
29 јуни 1987 година
Скопје

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
Иван Аврамовски, с. р.

568.

Врз основа на член 400 од Деловникот на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, Соборот на здружениот труд на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на седницата одржана на 29 јуни 1987 година, донесе

ОДЛУКА

ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ ПОТПИСНИК НА ОПШТЕСТВЕНИОТ ДОГОВОР ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊА НА ОПШТЕСТВЕНИОТ ДОГОВОР ЗА ЗАЕДНИЧКИТЕ ОСНОВИ И МЕРИЛА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ЛИЧНИТЕ ДОХОДИ И ДРУГИТЕ ПРИМАЊА И НАДОМЕСТОЦИ НА ФУНКЦИОНЕРИТЕ ВО ОРГАНИТЕ НА ОПШТЕСТВЕНО-ПОЛИТИЧКИТЕ ЗАЕДНИЦИ И ОПШТЕСТВЕНО-ПОЛИТИЧКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ

За потписник на Општествениот договор за измени и дополнувања на Општествениот договор за заедничките основи и мерила за утврдување на личните доходи и другите примања и надоместоци на функционерите во органите на општествено-политичките заедници и општествено-политичките организации се определува Дургут Едиповски, потпретседател на Собранието на Социјалистичка Република Македонија.

Бр. 21-2217/1
29 јуни 1987 година
Скопје

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
Иван Аврамовски, с. р.

569.

Врз основа на член 400 од Деловникот на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, Соборот на здружениот труд на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на седницата одржана на 29 јуни 1987 година, донесе

ОДЛУКА

ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ ПОТПИСНИК НА ОПШТЕСТВЕНИОТ ДОГОВОР ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОПШТЕСТВЕНИОТ ДОГОВОР ЗА ЗАЕДНИЧКИТЕ ОСНОВИ И МЕРИЛА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ЛИЧНИТЕ ДОХОДИ И НА ДРУГИТЕ ПРИМАЊА И НАДОМЕСТОЦИ НА ФУНКЦИОНЕРИТЕ ВО РЕПУБЛИЧКИТЕ ОРГАНИ И ОРГАНИТЕ НА ОПШТЕСТВЕНО-ПОЛИТИЧКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ ВО РЕПУБЛИКАТА

За потписник на Општествениот договор за измени и дополнување на Општествениот договор за заедничките основи и мерила за утврдување на личните доходи и на другите примања и надоместоци на функционерите во републичките органи и органите на општествено-политичките организации во Републиката се определува Дургут Едиповски, потпретседател на Собранието на Социјалистичка Република Македонија.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 21-2216/1
29 јуни 1987 година
Скопје

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
Иван Аврамовски, с. р.

570.

Врз основа на член 257 став 3 од Законот за насоченото образование („Службен весник на СРМ" број 16/85), Соборот на здружениот труд на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на седницата одржана на 29 јуни 1987 година, донесе

ОДЛУКА

ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА КОМИСИЈАТА ЗА ИЗГОТВУВАЊЕ ПРЕДЛОГ ЗА ИМЕНУВАЊЕ ДИРЕКТОР НА ООЗТ ИНСТИТУТ ЗА РАДИОЛОГИЈА ПРИ МЕДИЦИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

За членови на Комисијата за изготвување предлог за именување директор на ООЗТ Институт за радиологија при Медицинскиот факултет во Скопје се именуваат:

Бранко Чадиковски, делегат во Соборот на здружениот труд на Собранието на СР Македонија и

Вера Черепналковска, секретар на Секцијата за здравство и Секцијата за социјална политика при РК на ССРНМ.

Бр. 21-2213/1
29 јуни 1987 година
Скопје

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
Иван Аврамовски, с. р.

571.

Врз основа на член 30 став 3 од Законот за филмската дејност („Службен весник на СРМ" број 15/86), Соборот на здружениот труд на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на седницата одржана на 29 јуни 1987 година, донесе

ОДЛУКА

ЗА ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСТАВНИЦИ НА ОПШТЕСТВЕНАТА ЗАЕДНИЦА ВО СОБИРОТ НА РАБОТНИЦИТЕ НА КИНОТЕКАТА НА СР МАКЕДОНИЈА

За претставници на општествената заедница во Собирот на работниците на Кинотеката на СР Македонија се именуваат:

Иван Алексов, заменик на директорот на Архивот на Македонија,

Перо Кецкаровски, републички советник во Собранието на СР Македонија и

Петар Костовски, уредник на Филмската редакција на Телевизија Скопје.

Бр. 21-2212/1
29 јуни 1987 година
Скопје

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
Иван Аврамовски, с. р.

572.

Врз основа на член 257 став 3 од Законот за насоченото образование („Службен весник на СРМ" број 16/85), Соборот на здружениот труд на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на седницата одржана на 29 јуни 1987 година, донесе

ОДЛУКА

ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА КОМИСИЈАТА ЗА ИМЕНУВАЊЕ ДИРЕКТОР НА ООЗТ ИНСТИТУТ ЗА ПОЛЕДЕЛСТВО И ГРАДИНАРСТВО — СКОПЈЕ

За членови на Комисијата за именување директор на ООЗТ Институт за поледелство и градинарство — Скопје се именуваат:

Виолета Димева, секретар на Одборот за земјоделство и шумарство на Соборот на здружениот труд на Собранието на СРМ и

Јован Силјановски, член на ОК на ССНМ „Гази Баба", вработен во РЕ „Билкарство" при ООЗТ.

Бр. 21-2214/1
29 јуни 1987 година
Скопје

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
Иван Аврамовски, с. р.

573.

Врз основа на член 173 став 3 од Законот за државната управа („Службен весник на СРМ" бр. 45/80), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесе

РЕШЕНИЕ
ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ ПОМОШНИК НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА РЕПУБЛИЧКИОТ КОМИТЕТ ЗА НАУКА, ТЕХНОЛОШКИ РАЗВОЈ И ИНФОРМАТИКА

За помошник на претседателот на Републичкиот комитет за наука, технолошки развој и информатика се назначува м-р Љупчо Арсов, досегашен самостоен инженер во Секторот за студии, перспективен развој и инвестиции во СОЗТ „Електростопанство на Македонија" — РЗЗС — Скопје.

Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ".

Бр. 17-585/2
26 јуни 1987 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
м-р **Глигорие Гоговски,** с. р.

574.

Врз основа на член 173 став 3 и член 176 од Законот за државната управа („Службен весник на СРМ" бр. 45/80), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесе

РЕШЕНИЕ
ЗА ПОВТОРНО НАЗНАЧУВАЊЕ СОВЕТНИК НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА РЕПУБЛИЧКИОТ КОМИТЕТ ЗА СООБРАЌАЈ И ВРСКИ

За советник на претседателот на Републичкиот комитет за сообраќај и врски се назначува Чедомир Теов, досегашен советник на претседателот на Комитетот.

Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ".

Бр. 17-1153/2
26 јуни 1987 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
м-р **Глигорие Гоговски,** с. р

575.

Врз основа на член 171 од Законот за државната управа („Службен весник на СРМ" бр. 45/80), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесе

РЕШЕНИЕ
ЗА ИМЕНУВАЊЕ ГЛАВЕН РЕПУБЛИЧКИ ИНСПЕКТОР НА РЕПУБЛИЧКИОТ ИНСПЕКТОРАТ ЗА ГРАДЕЖНИШТВО И УРБАНИЗАМ

За главен републички инспектор на Републичкиот инспекторат за градежништво и урбанизам се именува м-р Крум Трајковски, досегашен заменик на главниот републички инспектор за техничка инспекција.

Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ".

Бр. 17-1306/2
26 јуни 1987 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
м-р **Глигорие Гоговски,** с. р.

576.

Врз основа на член 172 став 2 од Законот за државната управа („Службен весник на СРМ" бр. 45/80), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесе

РЕШЕНИЕ
ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЗАМЕНИК НА ГЛАВНИОТ РЕПУБЛИЧКИ ИНСПЕКТОР НА РЕПУБЛИЧКИОТ ИНСПЕКТОРАТ ЗА ГРАДЕЖНИШТВО И УРБАНИЗАМ

За заменик на главниот републички инспектор на Републичкиот инспекторат за градежништво и урбанизам се именува Илија Тодоровски, досегашен главен републички урбанистички инспектор во Републичкиот урбанистички инспекторат.

Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ".

Бр 17-1306/3
26 јуни 1987 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
м-р **Глигорие Гоговски,** с. р.

577.

Врз основа на член 173 став 3 од Законот за државната управа („Службен весник на СРМ" бр. 45/80), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесе

РЕШЕНИЕ
ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ ПОТСЕКРЕТАР ВО РЕПУБЛИЧКИОТ СЕКРЕТАРИЈАТ ЗА ФИНАНСИИ

За потсекретар во Републичкиот секретаријат за финансии се назначува Стојче Јакимовски, досегашен помошник на републичкиот секретар за финансии

Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ".

Бр 17-1314/2
26 јуни 1987 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
м-р **Глигорие Гоговски,** с. р.

578.

Врз основа на член 173 став 3 од Законот за државната управа („Службен весник на СРМ" бр. 45/80), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесе

РЕШЕНИЕ
ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ ПОТСЕКРЕТАР ВО РЕПУБЛИЧКИОТ СЕКРЕТАРИЈАТ ЗА ФИНАНСИИ

За потсекретар во Републичкиот секретаријат за финансии се назначува Стојанка Најденовска, досегашен помошник на републичкиот секретар за финансии.

Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ".

Бр. 17-1314/3
26 јуни 1987 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
м-р **Глигорие Гоговски,** с. р.

579.

Врз основа на член 3 од Одлуката за образување и состав на Комисијата на Извршниот совет на Собранието на СР Македонија за нуклеарна енергија („Службен весник на СРМ" бр. 23/87), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСЕДАТЕЛ, ПОТПРЕТСЕДАТЕЛ И ЧЛЕНОВИ НА КОМИСИЈАТА ЗА НУКЛЕАРНА ЕНЕРГИЈА

1. За претседател, потпретседател и членови на Комисијата за нуклеарна енергија се именуваат:

а) за претседател

— м-р Глигорие Гоговски, претседател на Извршниот совет на Собранието на СРМ,

б) за потпретседател

— Илија Филиповски, потпретседател на Извршниот совет на Собранието на СР Македонија;

в) за членови:

— м-р Вангел Арнаутов, член на Извршниот совет на Собранието на СРМ,

— м-р Благоја Блажев, на работа во „ЕМО" — Охрид Институт за енергетика — Скопје,

— д-р Томе Бошевски, редовен професор на Електротехничкиот факултет во Скопје,

— д-р Томислав Бундалевски, член на Извршниот совет и претседател на Републичкиот комитет за енергетика, индустрија и мало стопанство,

— Минчо Јорданов, генерален директор на Рудници и железарница „Скопје" — Скопје,

— д-р Зоран Календаров, здравствен физичар во Републичкиот завод за здравствена заштита,

— д-р Борислав Каранфилски, редовен професор на Медицинскиот факултет во Скопје,

— м-р Димитар Качурков, редовен професор на Електротехничкиот факултет во Скопје,

— д-р Радмила Кипријанова, член на Извршниот совет и претседател на Републичкиот комитет за наука, технолошки развој и информатика,

— полковник Зоран Костовски, член на Извршниот совет и републички секретар за народна одбрана,

— м-р Мито Марковски, претседател на Колегијалниот работоводен орган на СОЗТ „Електростопанство на СР Македонија" — Скопје,

— д-р Методија Несторовски, директор на Републичкиот завод за општествено планирање,

— д-р Јордан Поп-Јорданов, редовен професор на Електротехничкиот факултет во Белград и претседател на МАНУ,

— д-р Драгослав Рајичиќ, редовен професор на Електротехничкиот факултет во Скопје,

— дипл. град. инж Михаил Серафимовски, редовен професор на градежниот факултет во Скопје,

— инж. Андреј Токарев, член на Извршниот совет и претседател на Републичкиот комитет за градежништво, урбанизам и заштита на човековата околина,

— Милован Шиковски, член на Извршниот совет и претседател на Републичкиот комитет за здравство и социјална политика.

2. Стручните и административно-техничките работи за потребите на Комисијата ги врши секретарот на Комисијата, а за секретар се именува Славчо Николовски, самостоен советник во Извршниот совет на Собранието на СРМ.

3. Со денот на влегувањето во сила на ова решение престанува да важи Решението за именување претседател, потпретседател и членови на Комисијата за нуклеарни и други видови енергија, број 17-1686/1 од 9. X. 1986 година

4. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Бр. 17-1341/1
26 јуни 1987 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
м-р **Глигорие Гоговски,** с. р.

580.

Врз основа на член 173 став 3 од Законот за државната управа („Службен весник на СРМ" бр. 45/80), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТА ПОМОШНИК НА РЕПУБЛИЧКИОТ СЕКРЕТАР ЗА ОПШТОСТОПАНСКИ РАБОТИ И ПАЗАР

Се разрешува од должноста помошник на републичкиот секретар за општостопански работи и пазар Славољуб Михајловиќ, поради заминување на друга должност, заклучно со 30. VI. 1987 година.

Ова решение ќе се објави во „Службен весник на СРМ".

Бр. 17-1451/1
26 јуни 1987 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
м-р **Глигорие Гоговски,** с. р.

581.

Врз основа на член 173 став 3 од Законот за државната управа („Службен весник на СРМ" бр. 45/80), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТА ПОМОШНИК НА РЕПУБЛИЧКИОТ СЕКРЕТАР ЗА ОПШТОСТОПАНСКИ РАБОТИ И ПАЗАР

Се разрешува од должноста помошник на републичкиот секретар за општостопански работи и пазар Дојчин Кочовски, поради исполнување на условите за пензија, утврдени со член 98 од Законот за работните односи, заклучно со 31. VIII. 1987 година кога му престанува работниот однос

Ова решение ќе се објави во „Службен весник на СРМ".

Бр. 17-1452/1
26 јуни 1987 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
м-р **Глигорие Гоговски,** с. р

582.

Врз основа на член 171 од Законот за државната управа („Службен весник на СРМ" бр. 45/80), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТА ГЛАВЕН РЕПУБЛИЧКИ УРБАНИСТИЧКИ ИНСПЕКТОР ВО РЕПУБЛИЧКИОТ УРБАНИСТИЧКИ ИНСПЕКТОРАТ

Се разрешува од должноста главен републички урбанистички инспектор во Републичкиот урбанис-

тички инспекторат Илија Тодоровски, поради заминување на друга должност, заклучно со 25. VI. 1987 година.

Ова решение ќе се објави во „Службен весник на СРМ".

Бр. 17-1458/1
26 јуни 1987 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
м-р **Глигорие Гоговски,** с. р.

583.

Врз основа на член 84 став 4 од Законот за Извршниот совет на Собранието на СР Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 43/81), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесе

РЕШЕНИЕ
ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТА ЗАМЕНИК НА ГЛАВНИОТ РЕПУБЛИЧКИ ИНСПЕКТОР ЗА ТЕХНИЧКА ИНСПЕКЦИЈА

Се разрешува од должноста заменик на главниот републички инспектор за техничка инспекција м-р Крум Трајковски, поради заминување на друга должност, заклучно со 25. V. 1987 година.

Ова решение ќе се објави во „Службен весник на СРМ".

Бр. 17-1459/1
26 јуни 1987 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
м-р **Глигорие Гоговски,** с. р.

584.

Врз основа на член 41 став 4 и член 42 од Законот за премер, катастар и запишување на правата на недвижностите („Службен весник на СРМ" бр. 27/86), директорот на Републичката геодетска управа, во согласност со претседателот на Републичкиот комитет за земјоделство, шумарство и водостопанство донесува

ПРАВИЛНИК
ЗА НАЧИНОТ НА БОНИТИРАЊЕ НА ЗЕМЈИШТЕТО И ЗА РАСПОРЕДУВАЊЕ НА ЗЕМЈИШТЕТО ВО БОНИТЕТНИ КЛАСИ И ПОТКЛАСИ

I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој правилник се утврдува начинот на кој се врши бонитирање на земјиштето и распоредување на земјиштето во бонитетни класи и поткласи (во натамошниот текст: бонитирање).

Член 2

Со бонитирањето се опфаќа земјиште што се користи за земјоделско, шумско и друго производство.

Бонитирањето ја определува природната плодност на земјиштето, без оглед на начинот на кој се користи земјиштето.

Член 3

Основ за бонитирање на земјиштето се бонитетни огледни земјишта на територијата на Републиката посебно за секоја бонитетна класа и поткласа.

Според утврдената основа земјиштето погодно за земјоделско и шумско производство се распоредува во 8 (осум) бонитетни класи со поткласи.

Член 4

Територијална единица за бонитирање на земјиштето е територијата на Републиката.

Член 5

Распоредување на земјиштето во бонитетни класи и поткласи се врши врз основа на својствата на почвата, климата и просторот.

Член 6

Својствата на земјиштето се определуваат врз основа на следните критериуми: длабочината на почвата, текстурата, геолошката подлога, педолошките процеси, длабочината на хумусниот хоризонт, содржината на карбонатите, структурата, длабочината на потпочвена вода, дренираноста, водолежноста, слоевитоста, засоленоста, киселост (PH), каменливоста и друго.

Член 7

Својствата на климата се определуваат врз основа на следните критериуми: средногодишната и средномесечната температура на воздухот, просечната температура на воздухот во годината, просечната температура на воздухот во вегетациониот период, почетокот, траењето и завршувањето на вегетациониот период, средногодишната и месечната количина на атмосферски падавини, средната количина на атмосферски падавини за време на вегетациониот период, потенцијалната евотранспирација појавата на касни пролетни мразеви и раните есенски мразеви и друго.

Член 8

Својствата на просторот се определуваат врз основа на следните критериуми: макрорелјефот, мезорелјефот, микрорелјефот, нагибот, експозицијата на надморската височина.

Член 9

Врз основа на утврдените критериуми од членовите 6, 7 и 8 од овој правилник се одредува природната плодност на земјиштето, според која тоа се распоредува во следните бонитетни класи:

— прва бонитетна класа;
— втора бонитетна класа;
— трета бонитетна класа;
— четврта бонитетна класа;
— петта бонитетна класа;
— шеста бонитетна класа;
— седма бонитетна класа;
— осма бонитетна класа.

Член 10

За првата, втората, третата, четвртата, петтата, шестата и седмата бонитетна класа се утврдуваат бонитетни поткласи и тоа:

— за првата бонитетна класа 2 (две) поткласи;
— за втората бонитетна класа 2 (две) поткласи;
— за третата бонитетна класа 2 (две) поткласи;
— за четвртата бонитетна класа 2 (две) поткласи;
— за петтата бонитетна класа 2 (две) поткласи;
— за шестата бонитетна класа 2 (две) поткласи;
— за седмата бонитетна класа 2 (две) поткласи.

За осмата бонитетна класа не се одредуваат бонитетни поткласи.

Член 11

Распоредувањето на земјиштето во бонитетни класи и поткласи според член 6 се врши врз основа на следните мерила:

1. Земјиштата длабоки и многу длабоки, иловаст состав, пропусни, добро дренирани, неутрална реакција со подземна вода под 120 см на рамен релјеф, со нагиб до 3%, заштитени од поплави, лесни за обработка, погодни за механизирана обработка и наводнување се распоредуваат во една од поткласите од прва бонитетна класа со тоа што:

— земјиштето со текстура иловасто, добро дренирано на рамен релјеф со нагиб од 2% кое не е изложено на ерозија се распоредува во прва бонитетна класа прва поткласа;

— земјиштето со текстура иловасто, добро дренирано на рамен релјеф со нагиб до 4% заштитено од поплави со многу слаба ерозија се распоредува во прва бонитетна класа втора поткласа.

2. Земјиштата средно длабоки и длабоки, по состав иловасти и глинести, пропусни до тешко пропусни, добро и умерено добро дренирани, неутрална и слабо кисела реакција, со подземна вода под 100 см, на рамен и наклонет терен со нагиб до 8%,

изложени на површинска многу слаба ерозија, како и на повремени и краткотрајни поплави, лесни до средно тешки за обработка, погодни за механизирана обработка и наводнување, за поедини земјишта потребни се мерки за заштита од поплави, се распоредуваат во една од поткласите од втора бонитетна класа со тоа што:

— земјиштето со текстура иловасто, добро дренирано на рамен и наклонет релјеф со нагиб од 3%, кои се изложени на многу слаба површинска ерозија, се распоредува во втора бонитетна класа прва поткласа;

— земјиштето со текстура глинеста, тешко пропусно, умерено добро дренирано на рамен или наклонет релјеф, со нагиб до 8%, изложено на слаба површинска ерозија, се распоредува во втора бонитетна класа втора поткласа.

3. Земјиштата средно длабоки и длабоки, со текстура иловасти и глинести, пропустливи до тешко пропустливи, добро до непотполно дренирани, од слабо алкална до средно кисела реакција, со подземна вода под 80 см, длабоко засолени во рамница, со нагиб до 16%, изложени на сите степени од површинска ерозија, изложени на повремена и краткотрајна поплава, за обработка се лесни до тешки со извесно ограничување во примена на механизација, потребно е да се применат мерки за заштита од ерозија, односно поплава, се распоредуваат во една од поткласите од трета бонитетна класа, со тоа што:

— земјиштето по текстура иловасто, добро пропустливо изложено на средно површинска ерозија, се распоредува во трета бонитетна класа прва поткласа,

— земјиштето по текстура глинесто и иловасто кое содржи до 10% скелетоидни честици, тешко пропустливо непотполно дренирано, добро засолено со рамен или наклонет релјеф со нагиб до 16%, изложено на средно — јака површинска ерозија, се распоредува во трета бонитетна класа втора поткласа.

4 Земјиштата длабоки, средно длабоки и плитки со текстура иловаста и глинеста, кои може да имаат до 30% скелет, а кај песковитите до 10% глина, алкална до јако кисела реакција, пропустливи до тешко пропустливи, со подземна вода длабока, краткотрајни превлажнувања во рамница на нагиб до 30%, на нагибот изложени на сите видови површинска ерозија, во рамница и средно длабоко засолени, редовно и краткотрајно се поплавуваат, потребни се мерки на заштита од ерозија, поплави и мелиоративни мерки се распоредуваат во една од поткласите на четвртата бонитетна класа со тоа што:

— земјиштето добро и умерено дренирано, слабо скелетоидно до 10%, на рамен релјеф и нагиб до 10%, на нагиб изложено на сите степени ерозија, добро засолено, се распоредува во четвртата бонитетна класа прва поткласа;

— земјиштето краткотрајно превлажнето, средно скелетоидно до 30% скелетни честици, слабо до слабо ексцесивно дренирано, рамен или наклонет релјеф со нагиб до 30%, на нагиб изложено на сите степени површинска ерозија, средно длабока засоленост, се распоредува во четврта бонитетна класа втора поткласа.

5. Земјиштата средно длабоки и плитки кои содржат до 50% скелетни честици, до екстремно кисела реакција, средно долго превлажнување, редовно и долготрајно плавење во рамница и на нагиб до 45%, на нагибот изложено на сите степени од површинска и слабо браздеста ерозија, површински засолени, неопходни се мерки на заштита од ерозија и изведување на мелиоративни мерки, се распоредуваат во една од поткласите на петта бонитетна класа, со тоа што:

— земјиштето до 30% скелетни честици, на рамен или наклонет релјеф со нагиб до 30%, на нагибот изложено на сите површински ерозии, до средно длабоко засолено, средно долготрајно превлажнување, се распоредува во петтата бонитетна класа прва поткласа;

— земјиштето до 50% скелетоидни честици, на рамен или наклонет релјеф со нагиб до 45%, на нагибот изложено на сите степени од површинска и слабо браздеста ерозија, површински засолено, средно долготрајно превлажнување, се распоредува во петта бонитетна класа втора поткласа.

6. Земјиштата главно плитки, кои содржат до 70% скелетен материјал, долготрајно влажни и оглејани до површината, редовно и долготрајно плавење во рамница и на нагибот до 45%, на нагибот загрозени на сите степени на површинска и средно браздеста ерозија, засоленост на површината, алкализирани, средно оштетени со отпадни води и гасови, долготрајно превлажнување, со високо ниво на подземни води, неопходни се мерки за заштита од ерозија и поплави, се распоредуваат во една од поткласите на шестата бонитетна класа, со тоа што:

— земјиштето до 50% скелетност, на рамен или наклонет релјеф со нагиб до 45%, на нагибот загрозено на сите степени од површинска, слабо и јако браздеста ерозија, долготрајно превлажнување, се распоредува во шеста бонитетна класа, прва поткласа,

— земјиштето кое има скелет и до 70%, на рамен или наклонет релјеф, со нагиб над 45%, на нагиб загрозено на сите степени од површинска и средно јако браздеста ерозија, долготрајно превлажнување со висока подземна вода, се распоредува во шеста бонитетна класа втора поткласа.

7. Земјиштата претежно многу плитки, кои содржат повеќе од 70% скелет, на нагибот до 60%, на нагиб се загрозени од јако браздеста ерозија, многу оштетени од отпадни води и гасови, засолени на површината и многу алкализирани, неопходни се мерки на заштита од ерозија, кои можат исклучиво да се користат како ливади, пасишта и шуми, се распоредуваат во една од поткласите на седма бонитетна класа со тоа што:

— земјиштето до 70% скелетност, со наклонет релјеф, со нагибот над 60%, на нагиб загрозено од сите степени на ерозија се распоредува во седма бонитетна класа прва поткласа;

— земјиштето до 80% скелет, со наклонет релјеф, со нагиб над 65%, на нагиб загрозено од сите степени на ерозија, се распоредува во седма бонитетна класа втора поткласа

8. Земјиштата многу плитки, кои содржат и до 80% скелет, на нагиб загрозени со многу јака браздеста ерозија, за кои е неопходна мерка за заштита од ерозија и исклучиво се користат како пасишта и шуми, се распоредуваат во осма бонитетна класа.

Член 12

Својствата на климата и просторот од член 7 и 8 од овој правилник служат како корективи на природната плодност на земјиштето во позитивна или негативна смисла.

Земајќи ги предвид основните климатски својства и модификаторите на климата кои имаат влијание врз бонитетот на земјиштето, територијата на СР Македонија се дели на 5 (пет) реони:

1. прв реон е до 250 м надморска височина;

2. втор реон е од 250 м до 600 м надморска височина;

3. трет реон е од 600 м до 850 м надморска височина;

4. четврт реон е од 850 м до 1200 м надморска височина;

5. пет реон над 1200 м надморска височина.

Почетната бонитетна класа на најдобрите земјишта од првиот реон ќе бидат распоредени во прва поткласа од прва бонитетна класа.

Почетната бонитетна класа на најдобрите земјишта од вториот реон ќе бидат распоредени во втората поткласа од прва бонитетна класа.

Почетната бонитетна класа на најдобрите земјишта од третиот реон ќе бидат распоредени во втората поткласа од втора бонитетна класа.

Почетната бонитетна класа на најдобрите земјишта од четвртиот реон ќе бидат распоредени во втората поткласа од третата бонитетна класа.

Почетната бонитена класа на најдобрите земјишта од петтиот реон ќе бидат распоредени во првата поткласа од петтата бонитетна класа.

Член 13

Утврдените бонитетни класи и поткласи на земјиштето се означуваат и впишуваат во соодветни геодетски планови и во другата документација, со следните ознаки

— првата бонитетна класа првата поткласа — со „1_1",
— првата бонитетна класа втората поткласа — со „1_2",
— втората бонитетна класа првата поткласа — со „2_1",
— втората бонитетна класа втората поткласа — со „2_2",
— третата бонитетна класа првата поткласа — со „3_1",
— третата бонитетна класа втората поткласа — со „3_2",
— четвртата бонитетна класа првата поткласа — со „4_1",
— четвртата бонитетна класа втората поткласа — со „4_2",
— петтата бонитетна класа првата поткласа — со „5_1",
— петтата бонитетна класа втората поткласа — со „5_2",
— шестата бонитетна класа првата поткласа — со „6_1",
— шестата бонитетна класа втората поткласа — со „6_2",
— седмата бонитетна класа првата поткласа — со „7_1",
— седмата бонитетна класа втората поткласа — со „7_2",
— осмата бонитетна класа — со „8".

II БОНИТИРАЊЕ НА ЗЕМЈИШТЕТО НА КАТАСТАРСКИТЕ ОПШТИНИ

Член 14

Бонитирањето на земјиштето во секоја катастарска општина опфаќа

1. утврдување на бонитетни класи и поткласи за секоја катастарска парцела;

2. составување на бонитетни карти за секоја катастарска општина со размер 1:2500, 1:5000 и 1:10000.

Член 15

Врз основа на утврдените бонитетни огледни земјишта и мерилата се утврдуваат бонитетните класи и поткласи на земјишта за секоја катастарска општина на територијата на СРМ.

Член 16

Утврдувањето на бонитетни класи и поткласи на земјиштето како и нивното впишување на геодетските планови го врши на терен дипломиран земјоделски инженер, дипломиран шумарски инженер, кој е специјализиран за бонитирањето на земјиштето.

Границата на површината на земјиштето, што припаѓа на секоја бонитетна класа и поткласа, се обележува на геодетските планови на терен. Во рамките на секоја обележена површина на бонитетна класа и поткласа на секоја парцела се впишува соодветна ознака од бонитетната класа и поткласа во која припаѓаат.

Член 17

Бонитирањето на земјиштето започнува на оној дел од катастарската општина каде што се застапени земјиштата со најдобра бонитетна класа (природна плодност).

Член 18

Утврдувањето на бонитетната класа односно поткласа за секоја катастарска парцела на плодно земјиште, се врши врз основа на карактеристиките на огледни бонитетни земјишта, кои по своите природни особини најмногу одговара со карактеристиките на земјиштето на парцелата која се бонитира.

Член 19

Ако катастарската парцела не е со еднаква плодност на целата површина, за дел од парцелата се утврдува бонитетна класа односно поткласа, која се одвојува со линија извлечена со светло син туш на геодетските планови. Линијата со која се одвојуваат бонитетните класи и поткласи се одредува од меѓните точки кои се утврдени со премерот и во размер пренесени на геодетски планови

Член 20

Истовремено со бонитирањето на земјиштето се прибираат податоци кои служат за изработка на: педолошки, земјоделски, водолежни, плавни и ерозивни карти, во соодветни размери.

Потребните податоци се впишуваат и означуваат на терен на геодетски планови

Член 21

За изработка на поодделни карти се прибираат следните податоци

1. За педолошката карта

— тип, поттип, варијатет, форма на земјиштето;

— број на отворен педолошки профил;

— морфолошки опис на педолошки профил;

— граница на типот на земјиштето, поттипот, варијатетот и формата

Податоците од оваа точка алинеја 3 од овој член се впишуваат во посебен образец „опис на педолошкиот профил", додека податоците од алинеја 4 се впишуваат на геодетски план со црн молив.

2. За бонитетната карта

— граница на бонитетна класа односно поткласа;

— ознака на бонитетна класа односно поткласа,

Податоците од оваа точка се означуваат и се запишуваат на геодетски план со молив сина боја.

3. За картата на ерозија:

— граници и имиња на поедини степени на ерозија, слабо браздеста, јако браздеста, клизишта, рушевини.

Податоците се впишуваат во геодетски план со молив во жолта боја.

4. За картата на водолежност и плавност:

— граница и имиња на поедини видови на плавност, краткотрајна (случајна) плавност, честа плавност, многу честа плавност,

— граници и имиња на поедини видови на водолежност, краткотрајна водолежност, штетна и многу штетна водолежност;

— податоците се впишуваат во геодетски план со молив црвена боја;

— граница на плавност со црвена боја со испрекината линија, а податоците за водолежност со полна линија.

5. За земјоделската карта:

— граница на катастарски култури.

Податоците од оваа точка се означуваат на геодетски план и тоа:

— ниви не се означуваат;

— оризови ниви со бледо сина боја;

— градини со виолетова боја;

— овоштарници со кафеава боја;

— лозја со црвена боја,

— пасишта со жолта боја;

— шуми со темно зелена боја;

— трстици, езера, мочуришта со темно сина боја.

Член 22

При утврдувањето на основата за бонитирање на земјиштето и утврдувањето на бонитетни огледни земјишта, подетално ќе се утврдат сите мерила кои не се опфатени со овој правилник, а што ќе произлезат од теренското испитување на земјиштето.

III. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 23

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на СР Македонија".

Бр. 09-212/1
30 јуни 1987 година
Скопје

Директор
на Републичката геодетска управа,
дипл. геод. инж. **Коста Христов**, с. р.

585.

Врз основа на член 36 од Законот за премер, катастар и запишување на правата на недвижностите („Службен весник на СРМ" бр. 27/86), директорот на Републичката геодетска управа донесува

ПРАВИЛНИК
ЗА МЕРЕЊЕ И УВИД НА ЗГРАДИ, ДЕЛОВИ ОД ЗГРАДИ И ПОМОШНИ ОБЈЕКТИ

ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Мерењето и вршењето увид на згради, делови од згради и помошни објекти (во натамошниот текст: згради), како и впишувањето на податоците за зградата, исцртување и пресметување на корисната површина ќе се врши според постапката пропишана со овој правилник.

Член 2

Под згради се подразбира недвижност, изградена на земјиштето: станбени згради — станови, управни згради, деловни згради, станбено-деловни згради, стопански згради, јавни згради, помошни згради, туристичко-угостителски објекти, згради за одмор и закрепнување

Член 3

Станбени згради се згради наменети за живеење со еден и со повеќе станови.

Управни згради се згради наменети за вршење на: општествена дејност на органите на управата (месни заедници, општествено-политички заедници, општествено-политички организации и општествени организации и здруженија на граѓани).

Деловни згради се згради наменети за вршење на стопанска и занаетчиска дејност на организациите на здружен труд на граѓани.

Станбено-деловни згради се згради кои се наменети за живеење и вршење на стопанска и занаетчиска дејност.

Стопански згради се згради наменети за производство и продажба (фабрики, комбинати, магацини, стоваришта, продавници и друго).

Јавни згради се згради наменети за вршење на општествени дејности (претшколски установи, училишта, факултети, здравствени установи, музеи, театри, згради од верски карактер, уметнички галерии и друго).

Помошни објекти се: летни кујни, шупи, гаражи, штали за чување на добиток, полски кукички и друго.

Туристичко-угостителски згради се згради наменети за вршење на услужни дејности од областа на туризмот и угостителството (хотели, мотели, туристички населби, рекреативни центри и друго).

Згради за одмор и закрепнување се згради наменети за одмор и закрепнување (викенд кукички).

Член 4

Под стан се подразбира градежна целина наменета за живеење што се состои од една или повеќе соби со соодветни помошни простории (кујна, остава, претсобје, бања, клозет и сл.).

Површината на станот ја сочинуваат збирот на површините на сите соби и помошни простории во состав на станот.

Член 5

При мерењето на зградите се врши мерење и увид на секој градежен објект што се наоѓа на катастарската парцела.

Член 6

Предмет на мерење е корисната површина на секоја зграда.

Под корисна површина на зграда се подразбира површината на сите простории и заеднички делови, мерени од ѕид до ѕид во просторијата. Во корисната површина не влегаат површините на балкони, тераси и лоѓии, и истите само се исцртуваат во скицата според својата положба.

Член 7

По извршеното мерење и увид на зградите во катастарската парцела, новоизградените згради кои не постојат на планот се вцртуваат на копието на плановите во одредените размери (1:1000, 1:2500).

Вцртувањето на новата зграда се врши со молив.

Член 8

Измерената зграда во катастарската парцела се обележува на планот со заокружување со црвен молив.

Член 9

Секоја зграда (постоечка и новоизградена) во рамките на една катастарска парцела се нумерира хронолошки (од 1, 2 . . . . .) со арапски броеви, згради кои се споени и претставуваат низови на објекти секој дел од низот добива посебен број на објектот.

Новоизградената зграда во рамките на катастарската парцела го добива наредниот број од бројот на веќе изградената зграда на таа катастарска парцела.

Член 10

Зграда која не постои на катастарска парцела, а истата постои на планот се прецртува на планот со знакот X со црвен молив.

Член 11

Кога зградата е срушена, а на истото место е изградена нова зграда, новоизградената зграда се вцртува на планот на соодветното место во катастарската парцела.

Бројот на срушената зграда го добива новоизградената зграда.

Постапка
за мерење и увид на згради

Член 12

Со мерењето и увидот на зградите се прибираат следните податоци за:

1. носителот на правата на зградата;
2. зградата и
3. станот, како посебен дел од зградата.

Член 13

Податоците за носителите на правата се земаат од личната карта и тоа: презиме, татково име и име, единствен матичен број, адреса на живеење. Во податоците се внесува ознака на делот на зградата (станот).

Во податоците за носителот на правото на зградата во општествена сопственост се впишува фирмата, односно називот на општественото правно лице со адреса на седиштето, како и видот на правото.

Член 14

Податоците за носителот на правото на зградата (станот, деловната просторија, гаража и помошни објекти, летни кујни и др.), се впишуваат во скицата.

Скицата е составен дел на овој правилник.

Бројот на катастарската парцела се зема од планот.

Бројот и подбројот на катастарската парцела се впишуваат во скицата.

Член 15

Податоците кои се земаат за зградата се: број и подброј на парцелата, број на зградата во парцелата, број на катови во зградата, број на станови во зградата и адреса на зградата.

Член 16

Бројот на зградата во парцелата се зема бројот кој го има зградата во соодветната парцела на планот.

Бројот на зградата се впишува во скицата.

Член 17

При утврдувањето висината на зградата со бројот на катовите се зема приземјето и мезанинот (меѓукатови) во вкупниот број на катови.

Бројот на катовите се впишуваат во скицата.

Член 18

Бројот на станови во зграда се зема со вршење на увид на бројот на становите што ги има зградата.

Бројот на становите во зградата се впишува во скицата.

Член 19

Адреса на зградата — станот: се зема онаа адреса која ја има зградата — станот кој се мери во парцелата.

Член 20

Податоци за станот кои се добиваат со мерење и увид се:

— број на влезот на станот;
— број на катот на станот;
— број на станот;
— број на собност и
— податоци за заедничките простории.

Овие податоци се внесуваат во скицата.

Член 21

Податокот за бројот на собноста (еднособен, двособен, трисобен, четирисобен, петособен) на станот се зема со вршење на увид во станот.

Податокот за собноста на станот се впишува во скицата

Член 22

Заедничките делови во зградата (ходник, степениште, перална, подрум, скривница и др.), на кои постои заедничко право на користење се впишуваат во скицата со соодветната ознака за секој дел.

Во скицата се вцртува поодделно секој заеднички дел.

Врската помеѓу заедничкиот дел и посебните делови од зградата (станот) на кои постои право на сопственост се обезбедува со бројот на катастарската парцела, на која се наоѓа зградата

Член 23

Со увидот на зградата се прибираат податоци за намена на зградата, материјалот од кој е изградена зградата, година на изградбата на зградата, како и видот на сопственоста.

Намената, видот на материјалот се впишуваат со соодветна ознака во скицата.

Ознаките за намената, видот на материјалот се дадени како прилог во Правилникот за изготвување и одржување на обрасците на катастарскиот оперант на недвижностите („Службен весник на СРМ" бр. 13/87).

Видот на сопственоста се означува со ознаката (1) за општествена сопственост, а за индивидуалната сопственост не се впишува ништо (останува празно).

Член 24

Во скицата се внесува податокот дали зградата е изградена со правен основ (градежна дозвола) или без правен основ (дива градба).

Кога зградата е изградена со правен основ се впишува со соодветна ознака (1), а кога зградата е изградена без правен основ се впишува со ознака (2), кога на изградена зграда со правен основ има доградба, надградба без правен основ се впишува со ознака (3).

Член 25

Димензиите на просторијата се исцртуваат во скица со податоци за зградата и посебни делови од зграда во просторот кој е определен за таа цел.

Кога зградата има повеќе од еден стан се исцртува секој стан поодделно во скица.

Помошните простории кои се вклопени во габаритот на зградата се исцртуваат на посебна скица.

Помошни објекти како што се: летни кујни, шупи, гаражи, штали за чување на добиток, полски кукички и др. се исцртуваат секој објект на посебна скица.

Член 26

На секоја исцртана скица за зградата односно станот, како и помошната просторија се впишува бројот на зградата во катастарска парцела и една од ознаките за катноста на зградата односно станот.

Ознаките за катноста на зградата се дадени како прилог на Правилникот за изготвување и одржување на обрасците на катастарскиот оперант на недвижностите („Службен весник на СРМ" бр. 13/87)

Член 27

За секоја просторија во зградата — станот се впишува во скицата соодветната ознака според намената.

Ознаките за намената на просториите се дадени во скицата.

Член 28

Податоците од извршените мерења (должина — широчина) на просторијата се впишуваат во скицата.

Член 29

Пресметувањето на површината на просториите се добива на основ измерените податоци.

Вкупната површина на станот се добива со збир на површините на просториите.

Со истата постапка се добиваат и површините на помошните простории.

Член 30

Испишувањето на податоците од увидот и мерењето во скицата, како и исцртувањето се врши со хемиски молив (црн или син).

Погрешно внесен податок во скицата не смее да се преправа туку се прецртува и се впишува под него точниот податок.

Член 31

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Бр. 01-1335/2
26 јуни 1987 година
Скопје

Директор
на Републичката геодетска управа,
дипл. геод. инж. **Коста Христов**, с. р.

СР МАКЕДОНИЈА

ОПШТИНА ТЕТОВО

К. ОПШТИНА ТЕТОВО

СКИЦА

СО ПОДАТОЦИ ЗА ЗГРАДАТА И ПОСЕБНИ ДЕЛОВИ ОД ЗГРАДАТА

Број на полисниот лист 222

Носител на правото на недвижноста

ОРГАНИЗАЦИЈА	Презиме, татково име и име. Место на живеење со к. бр.	Дел на п.	Матичен број
	Николовски Томе Кирил		0 1 0 2 9 3 5 4 5 0 1 3 3
	Тетово ул. В. Влаховиќ к. бр. 15	1/1	

Податоци за зградата и станот			
Број на парцелата	2 3 5	Број на влезот во станот	1
подброј	-	Број на катот на станот	3
Број на зграда во парцелата	1	Број на станот	1 4
Број на катови во зградата	5	Собност (0,1,2,3,4,5)	3
Број на станови во зградата	2 0	Заеднички простории	- -

улица и к. број на станот: ул. В. Влаховиќ к. бр. 15



ПОДАТОЦИ ЗА ЗГРАДАТА - СТАНОТ

Број на зградата во парцелата	Намена на зградата - станот	Основ на изградбата на зградата	Материјал од кој е изградена зградата	Година на изградбата	Вид на недвижноста	Користен простор: ознака на просторијата	должина	ширина	површина
1	101	00	301	1968	-	C1	6.00	3.00	18.00
						C2	4.00	4.00	16.00
						C3	4.00	3.00	12.00
						K	4.00	2.56	10.24
						Б и WC	4.00	2.00	8.00
						O	2.00	1.44	2.88
						ДЕЛ-X1	4.00	2.00	8.00
						ДЕЛ-X2	2.00	1.44	2.88
						XC	6.00	2.00	12.00
						Σ =			90.00

ЛЕГЕНДА

Контролата ја извршил				Мерењето и пресметувањето на станот го извршил и податоците ги внел
[signature]	С - Соба Д П - Дел прост К - Кујна Б - Бања	Л - Лифт WC - Клозет Х - Ходник ХС - Ход и степен	О - Остава Г - Гаража П П - Пом прост П - Подрум	[signature]

Република ГЕОДЕТСКА УПРАВА

586.

Врз основа на член 49 од Законот за премер, катастар и запишување на правата на недвижностите („Службен весник на СРМ" бр. 27/86), директорот на Републичката геодетска управа, во согласност со републичкиот секретар за финансии и претседателот на Републичкиот комитет за земјоделство, шумарство и водостопанство, донесува

ПРАВИЛНИК
ЗА НАЧИНОТ НА КАТАСТАРСКОТО КЛАСИРАЊЕ НА ЗЕМЈИШТЕТО

ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој правилник се утврдува начинот на катастарското класирање на земјиштето (во натамошниот текст: класирање).

Член 2

Со класирањето на земјиштето се утврдува катастарската култура (во натамошниот текст: култура) и катастарската класа (во натамошниот текст: класа) на земјиштето на секоја катастарска парцела плодно земјиште.

Утврдувањето на катастарската култура и класа се врши според природните и економските услови што ги има земјиштето на парцелата за земјоделско и шумарско производство

Член 3

Класирање на земјиштето се врши по извршениот премер на земјиштето.

Територијална единица за катастарско класирање е катастарската околија односно катастарската општина.

Член 4

Земјиштето на секоја катастарска парцела мора да ги има битните обележја и карактеристики на огледното земјиште на онаа катастарска култура и класа во која е распоредено.

Член 5

Обнова на класирање се врши кога со споредувањето на податоците од класирањето во постојниот катастарски операт и состојбата на земјиштето со теренот се утврди неслагање, а не е можно тоа неслагање да се отстрани со редовно одржување на премерот.

Член 6

Утврдените катастарски култури и класи на земјиштето служат како основ за пресметување на катастарскиот приход.

УТВРДУВАЊЕ И ОЗНАЧУВАЊЕ КАТАСТАРСКИ КУЛТУРИ НА ЗЕМЈИШТЕТО

Член 7

Секоја катастарска парцела на плодно земјиште, според начинот на кој се користи и можностите за нејзино искористување, се распоредува во една од следните катастарски култури:

— нива (ораница);
— оризова нива;
— градина;
— овоштарник;
— интензивен овоштарник;
— лозје;
— интензивно лозје;
— ливада;
— пасиште;
— шума;
— трска и мочуриште.

Неплодното земјиште не се распоредува во катастарска култура од став 1 од овој член, а се евидентира како катастарска култура „неплодно".

Член 8

Катастарските култури се утврдуваат според следните обележја:

— нива е земјиште на кое се одгледуваат постојано или повремено во плодоред следните полјоделски култури: пченица, јачмен, овес, р'ж, пченка, компир, луцерка, детелина, добиточна репка, афион, памук, лен, коноп, тутун, шеќерна репка, маслодајна репка, сусам, сончоглед, наут, леќа и друго;

— оризова нива е земјиште на кое постојано се одгледува полјоделската култура ориз;

— градина е земјиште на кое се одгледуваат градинарски култури: домати, пипер, зелка, праз, кромид, морков, магдонос, боранија и друго. За одгледување на овие градинарски култури е потребно да има услови за наводнување (природни или вештачки);

— овоштарник е земјиште на кое се засадени овошки;

— интензивен овоштарник е земјиште засадено со овошки кои се одгледуваат на современ начин — систем (палмети, шпалир и други системи со густо садени овошки) каде е можно да се примени механизирана обработка и примена на сите агротехнички мерки, со растојание меѓу редовите што овозможува механизирано извршување на сите работни процеси со цел да се обезбедат максимални приноси;

— лозје е земјиште на кое е засадена лоза калемена или директно родна;

— интензивно лозје е земјиште засадено со лоза калемена и родна која се одгледува на современ начин (одрина, шпалир) каде е можно да се примени механизирана обработка и примена на сите агротехнички мерки со растојание помеѓу редовите, што овозможува механизирано извршување на сите работни процеси со цел да се обезбедат максимални приноси;

— ливада е земјиште на кое расте природна трева што се коси редовно;

— пасиште е земјиште на кое расте природна трева што служи исклучиво за испаша на добитокот;

— шума е земјиште на кое расте шумско дрво со намена за користење на дрвната маса;

— трска е земјиште на кое расте трска, а мочуриште е земјиште на кое растат мочуришни растенија што служат за огрев, простирка за добиток, за плетење асури и друго.

Член 9

Земјиште на кое повремено се менува катастарската култура се распоредува во онаа катастарска култура за која земјиштето е постојано наменето. Напуштените парцели кои не се обработуваат си ја задржуваат културата на претходниот начин на користење, каде постојат услови за тоа.

Член 10

Според основните обележја за утврдување на катастарската култура од член 8 на овој правилник во поедини катастарски култури се утврдуваат следните земјишта:

— во катастарска култура нива: овошните, лозовите и шумските расадници, култивираните врбаци за производство на прачки, јагодарници, црничишта што служат за одгледување на свилена буба, хмељ;

— во катастарска култура градина: земјиште засадено со цвеќе и украсни растенија кои се користат за продажба и расадници под украсни растенија;

— катастарска култура овоштарник: насади од малина, капина, ореви, леска и костени кои се користат за добивање плодови.

Член 11

Одделни стебла засадени надалеку т. е. осамени дрвја, не се земаат како посебна катастарска култура туку се распоредуваат во катастарска култура на парцелата на која се наоѓаат или покрај која се засадени.

Член 12

Земјишта обраснати со грмушки, смреки, макија, глог и слично и со деградирани шуми, се сметаат за шумски земјишта и се класираат во катастарската култура шума.

Член 13

Плодното земјиште кое привремено се користи како тулани, складишта за чување на градежни и други материјали се распоредува во катастарска култура и класа според катастарската култура и класа на околното земјиште

Член 14

На катастарската парцела каде се одгледува различна катастарска култура, без оглед на површината, посебно се утврдува секоја катастарска култура.

Член 15

Земјиште што се користи како парк не се распоредува во катастарска култура.

Земјиште кое поради своите природни особини не може да се користи во земјоделството и шумарството како: крш, голини, бари, реки, потоци, површински копови за рудници, мајдани на камен и чакал, тулани (каде што откопувањата се од таква природа што земјиштето е постојано неплодно), се утврдуваат во неплодни земјишта.

Земјиштата за посебни намени, изградени и заградени јавни и спортски игралишта, панаѓуришта, пазаришта, скверови, улици, плоштади, патишта од постојан карактер (јавни патишта и патишта на земјиште во сопственост на граѓани), јазови, канали, железнички пруги, училишни дворови, економски дворови на работни организации, стрелишта, аеродроми и други воени објекти, како и сите постројки потребни за одбрана од поплави или за наводнување не се распоредуваат во катастарска култура.

Член 16

Катастарската култура на земјиштето се означува и се запишува во секоја катастарска парцела на фотоскиците или копијата од планот со следните ознаки:

1. нива со „Н";
2. оризова нива со „НО",
3. градина со „ГР";
4. овоштарник со „ОВ";
5. интензивен овоштарник со „ИОВ";
6. лозје со „ЛЗ";
7. интензивно лозје со „ИЛЗ";
8. ливада со „Л";
9. пасиште со „ПС"
10. шума со „Ш";
11. трстик и мочуриште со „ТР".

Утврдената катастарска култура се запишува и се заокружува со црн туш.

Неплодното земјиште се означува со ознака „НП" покрај која се запишува причината за неплодноста според член 16 од овој правилник.

КЛАСИРАЊЕ НА ЗЕМЈИШТЕТО

Член 17

Катастарската парцела на земјиштето за секоја катастарска култура се распоредува во една од осумте класи со класирањето, според природните и економските услови за земјоделско и шумарско производство.

Под природни услови за производство се подразбираат особините на земјиштето клима (ветрови, врнежи), релјеф, положба, нагиб, воден режим, а под економски услови оддалеченост на земјиштето од пазарот и потрошувачките центри, развиеност на патната мрежа и пристапност на земјиштето.

Член 18

Со класирање на земјиштето се утврдува катастарската класа на секоја поодделна катастарска култура. Утврдената катастарска класа се запишува со соодветниот број на класата во катастарската култура според член 16 од овој правилник, во даденото

место до ознаката на катастарската култура. Ознаката за катастарската култура, заедно со бројот на катастарската класа, се впишува и заокружува со црн туш на фото скиците и деталните скици.

Член 19

За секоја катастарска култура ќе се утврдат класите кои постојат во катастарската околија. Земјиштето од секоја катастарска култура што е со најдобра плодност се утврдува во прва класа, земјиштето што има непосредно послаба плодност ќе се распореди во втора класа и така по ред до осма катастарска класа.

При утврдувањето редоследот на катастарските класи не е дозволено прескокнување на редните броеви, тие мора да бидат поврзани во ред.

Член 20

Со одредувањето на огледното земјиште за секоја катастарска култура и класа ќе се утврдува посебно и нејзина варијација

Како варијација на една класа се подразбираат случаите кога на земјиштето под иста култура се остварува исти приходи и ако се различни природните и економските услови за земјоделско производство (послаб алувијум блиску до економскиот двор и подобар хумусен алувијум оддалечен од економскиот двор), а се под иста катастарска култура, ќе добијат иста класа ако се остварува ист катастарски приход.

Член 21

Во катастарската општина катастарските класи не мораат да бидат застапени во непрекинат низ.

Член 22

При утврдувањето на катастарската класа на овоштарник и интензивен овоштарник, лозје, интензивно лозје и шума, нивната старост и проредност не се зема предвид.

УТВРДУВАЊЕ НА ОКОЛИСКИ ОГЛЕДНИ ЗЕМЈИШТА

Член 23

Заради утврдување на единствени мерила за класирање во катастарска околија се одредуваат огледни земјишта (во натамошниот текст: околиско огледно земјиште).

При утврдување на огледното земјиште за секоја катастарска околија одделно ќе се опишат карактеристиките на земјиштето, за секоја катастарска класа детално кои земјишта ќе се распоредат во 1, 2, 3, 4, 5, 6, 7 и 8 катастарска класа по катастарска култура.

Член 24

Утврдувањето на околиското огледно земјиште се врши на лице место со испитување на педолошки профили на земјиштето. Оваа постапка ќе почне на земјиштето од прва катастарска класа за секоја катастарска култура во катастарската околија.

Член 25

За околиско огледно земјиште се утврдува:

— катастарска парцела што е со средна големина и од средна плодност на земјиштето за својата катастарска класа;

— катастарска парцела што на целата своја површина има иста плодност;

— катастарска парцела што постојано се искористува во иста катастарска култура;

— катастарска парцела што се наоѓа во поголем комплекс на парцели од иста катастарска култура и класа.

Ако за некоја катастарска класа не постои катастарска парцела со еднаква плодност на целата своја површина, за огледно земјиште може да се утврди и дел од парцелата што им одговара на условите од алинеја 1, 2 и 3 на став 1 од овој член.

Член 26

Катастарска парцела на околиско огледно земјиште од член 25 на овој правилник се означува на фото скиците или деталните скици со квадрат извлечен со црн туш околу кругот во кој е впишан знакот на катастарската култура и класа.

Член 27

По завршувањето на теренските работи околу утврдувањето на околиското огледно земјиште се пристапува кон средување на податоците и се составува список на околиските огледни земјишта.

Покрај ознаката на катастарската култура и класа, списокот ги содржи и следните податоци:

— карактеристиките на подрачјето во катастарската околија во поглед на климата, конфигурацијата на теренот, хидрографијата, особините на земјиштето и неговите погодности за одгледување на земјоделски култури, интензивноста и структурата на земјоделското производство, сообраќајните врски и пазарот;

— релјефот и просечната надморска височина на катастарската околија;

— климата на потесното подрачје во кое се наоѓа околиското огледно земјиште;

— оддалеченост на околиското огледно земјиште од економскиот двор, сообраќајните врски и неговата пристапност;

— теренската положба на околиското огледно земјиште;

— неговата експозиција;

— изложеноста на елементарни непогоди;

— педолошки особини врз основа на неговата морфологија и неговите физички особини;

— начин на обработка на плодоредот;

— погодност за одгледување на одделни земјоделски култури;

— приносите на главните посеви и нивниот квалитет;

— бројот на парцелата и име на сопственикот; за шумите списокот содржи и податоци за видот на дрвјата, турнусот, споредните производи на шумите, оддалеченоста на шумите и комуникациите за нивната експлоатација.

Член 28

Освен општите податоци од член 27 од овој правилник, списоците на околиските огледни земјишта содржат за секое околиско огледно земјиште и специфични податоци за подеталните катастарски култури и тоа:

— за нива и оризова нива, начинот на земјоделското искористување (интензивно или екстензивно), како и вообичаениот процент на учество во посевот и плодоредот;

— за градина врстата и квалитетот на зеленчукот, погодноста на земјиштето за наводнување и условите за наводнување;

— за овоштарник и интензивен овоштарник, врста и квалитетот на овошјето, заштитноста од ветрови и густината на садењето;

— за лозје и интензивно лозје, дали е домашна лоза, калем или хибрид, длабочината на риљањето, оддалеченоста од еден чокот до друг, општа состојба на лозјето и врста на грозјето;

— за ливада, степенот на влага, врстите на трева (слатка или кисела), можностите за наводнување и по колку пати се коси;

— за пасиште, врста на тревата и време траење на испашата;

— за шума, врста на шумата (висока, средна или ниска) оддлеченоста на шумата и користењето на шумата.

УТВРДУВАЊЕ НА ОПШТИНСКИТЕ ОГЛЕДНИ ЗЕМЈИШТА

Член 29

Утврдувањето на катастарските култури и класи во катастарска општина се врши врз мерилата содржани во утврдените околиски огледни земјишта.

Комисијата за катастарско класирање во катас-

тарската општина, на основа утврдените околиски огледни земјишта врши утврдување на општински огледни земјишта и нивни варијации.

Член 30

Заради правилно утврдување на општинските огледни земјишта и рамномерно катастарско класирање, Комисијата мора претходно да се запознае со списоците на околиските огледни земјишта.

Член 31

За општинско огледно земјиште на катастарска класа односно нејзина варијација, ќе се определи онаа катастарска парцела што според своите природни и економски услови за производство, со вообичаен начин на обработка, која најмногу одговара на податоците на околиското огледно земјиште од иста класа односно нејзина варијација.

Член 32

За општинско огледно земјиште се утврдува катастарска парцела според условите од член 25 на овој правилник.

Член 33

Општинските огледни земјишта се означуваат во фото-скиците и деталните скици според член 26 од овој правилник, а списоците на општинските огледни земјишта се опишуваат според член 27 од овој правилник.

КЛАСИРАЊЕ НА ЗЕМЈИШТЕТО ВО КАТАСТАРСКА ОПШТИНА

Член 34

Утврдување на катастарската култура и класа, по правило почнува на оној дел на подрачјето на катастарската општина во кој е најмногу застапена најдобрата класа на најраширената катастарска култура во катастарската општина.

Член 35

Утврдување на катастарската култура и класа се врши така, што секоја катастарска парцела на плодно земјиште добива ознака на класата на она општинско огледно земјиште на кое тоа најмногу му одговара според своите природни и економски услови за земјоделско производство

Ако катастарската парцела не е со еднаква плодност на целата своја површина, деловите на парцелата од различна плодност, што добиваат ознаки на различни класи, се одвојуваат со бонитетна линија извлечена со зелен туш. Бонитетната линија се определува со домерување на растојанието од меѓните точки порано геодетски снимени.

Катастарските парцели што не се под една иста катастарска култура, на целата површина меѓу културите се одвојуваат со линија извлечена со црвен туш

Член 36

На градежно изградено земјиште, каде е оформена градежна парцела во согласност со урбанистичкиот план, односно акт што го заменува тој план или според фактичка состојба не се определува култура и класа, туку се распоредува во неплодно земјиште — двор.

Неизградено градежно земјиште кое се користи за земјоделско шумско и друго производство, се класира според критериумите кои важат при класирање на останатото земјиште во катастарска општина.

Земјиштето во катастарски парцели каде има изградено згради за одмор и рекреација во сопственост на граѓаните (викенд куќи) се утврдува катастарска култура и класа, а во колку не може да се определи култура се утврдува катастарска култура и класа според соседните парцели.

Член 37

Исправките на ознаките на катастарската култура и класа запишани во фото-скиците, деталните скици или посебните списоци се вршат со прецртување на погрешните ознаки, така што тие да останат видливи.

Во слободниот простор на фото-скиците, деталните скици или посебните списоци се врши исправката со назначување на бројот на катастарската парцела, дата на извршените исправки и потпис на лицето што ја извршило исправката.

Член 38

Утврдените катастарски класи се запишуваат со црн туш во фото-скиците, деталните скици или посебните списоци, со арапски броеви, покрај ознаката на катастарската култура.

Член 39

По завршеното утврдување на катастарската култура и класа во катастарската општина, членот на комисијата — земјоделскиот стручњак ги потпишува фото-скиците или деталните скици, со назначување на времето кога е извршено катастарско класирање.

Комисијата составува Записник од извршеното утврдување на утврдената катастарска култура и класа, во кое, покрај составот на комисијата, го назначува и времето во кое е извршено катастарското класирање.

Записникот за извршеното катастарско класирање го потпишуваат сите членови на Комисијата.

Утврдувањето на катастарската култура и класа со претходно давање основа за катастарско класирање се врши:

— по извршениот нов премер или обнова на премерот на целото или поголем дел од подрачјето на катастарската околија и

— за секоја настаната нова катастарска култура во катастарска околија.

Член 40

Катастарското класирање без претходни работи за добивање основа на катастарското класирање се врши при обнова на премерот или катастарското класирање на помал дел од подрачјето на катастарската околија.

Во случај на став 1 на овој член катастарското класирање се усогласува со веќе постојаното мерило на катастарското класирање во катастарската околија.

УТВРДУВАЊЕ НА КАТАСТАРСКИТЕ КУЛТУРИ И КЛАСИ ВО ОДРЖУВАЊЕТО НА ПРЕМЕРОТ И КАТАСТАРОТ НА НЕДВИЖНОСТИТЕ

Член 41

Во текот на одржувањето премерот претрпува промени во катастарската класа во следните случаи: поради промена во катастарска класа, поради промени бонитетот на земјиштето, настанок на нова катастарска култура која порано не постоела во катастарската општина со разорување на поголеми површини земјиште (пасиште, ливада и крчење на шума)

Промена во бонитетот на земјиштето може да настане: затрпување на земјиштето со песок или чакал или поплави, буици, забарување од подземни води, нанос на штетни елементи од отпадни индустриски води, затрпување со јаловина од рудниците, јагленокопи и флотација, затрпување на земјишта при копање на канали и регулација на реки, еродирање на земјиштето со ерозија.

Член 42

Промените од член 41 од овој правилник се вршат на самото место од страна на Општинската геодетска управа, до колку се работи за промени во катастарска култура.

Катастарската класа се утврдува според соседните или најблиските парцели од иста катастарска култура со еднаква плодност на земјиштето. Доколку таква катастарска култура не се наоѓа во близината на парцелата за која се утврдува класата, класирањето се врши врз основа на општинските огледни земјишта.

